05.02.2019

Повик за избор на членови на работната група за подготовка на Стратегијата за работата на Локалниот Младински Совет на Општина Тетово

Здружение Мултикултура во рамки на проектот "Мојата општина-пријател на младите" поддржан од проектот "Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации" финансиран од ЕУ, а имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Данскиот совет за бегалци, Коалицијата сите за правично судење и Фондацијата за развој на локалната заедница, распишува оглас за ангажирање на две експерти за подготовка на Стратегијата за работата на Локалниот Младински Совет на Општина Тетово.

Опис на активностите на членовите:

-редовна комуникација со проектниот тим

-редовна комуникација со експертите за подготовка на Стратегијата за работата на Локалниот Младински Совет на Општина Тетово

-учество и придонес на 4 работни средби за подготовка на Стратегијата на работата на Локалниот Младински Совет на Општина Тетово

**Критериуми за учество во работната група:**

– искуство во областа на младите

– познавање на прашањата кои се важни за младите

–мотивација за придонес кон подготовка на Стратегијата за работата на Локалниот Младински Совет на Општина Тетово

**Апликација:**

Заинтересираните кандидати треба да пратат ЦВ на електронската адреса info@multikultura.org.mk или во просториите на Здружение Мултикултура најдоцна до 15.02.2019.

Повеќе информаци за проектот можете да најдете тука: http://www.multikultura.org.mk/projects.php.

Проект: Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување иодржливост на локални граѓански организации

Проектот е финансиран од Европската Унија